ПРЕДМЕТ: Барање за пристап до информации од јавен карактер

From: Ivana Nelkovska on 2024-01-16 14:11

Details Headers Plain text

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë se Veriut
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА INSTITUCIONI NACIONAL
МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР
TEATRI POPULLOR MAQEDONAS
Скопје / Shkup

Примено: Е-Пратница			
23.01.2024			
Single-Number: Nesa e ngarë	Број: Numri:	Прилог: Shtojca	Вредност: Vlera
03-	94/1		

Почитувани,

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, ги барам следниве податоци:

Поради обемот на побараните информации ве молам одредете за кои ставки можете да ми испратите побрзо информации, а останатите за кои бараат поголем и подолг временски период за ажурирање да ми ги испратите до септември 2024 година.

1. Ве молам за организационата структура на институцијата со бројот на вработени во секој сектор.
2. Стратешкиот план за целите на продукцијата.
3. Истражување за публиката, посетеноста на продукциите во изминативе 5 години, целните групи кои ги опфаќаат продукциите од изминатите 5 години како и, ако постои, стратегија за привлекување на нови целни групи за следните години.
4. Список на интернационални соработки (фестивали, гостувања, размена на стручен кадар, дообука на кадри...) од изминативе 5 години и, доколку постојат, соработки кои треба да се реализираат во наредниве години.
5. Број на премиери во изминативе 5 години како и број на изведби на секоја продукција посебно до денот на поднесеното барање како и посетеноста (вкупен број на публика за секоја претста посебно)
6. Идни, стратешки планови на институцијата за наредните 5 години. (Може доколку постојат годишни планови за наредните 5 години)
7. Посечен износ средства кои и се на институцијата доделени од Министерството за култура на РСМ од изминатите 5 години и просечен износ кои институцијата сама го обезбедува од продажба, спонзори, донации итн во изминативе 5 години.
8. Листа на изданија кои ги публикувала инстиуцијата.
9. Листа на вон-перформативни активности во организација на институцијата (изложби, работилници, конференции, симпозиуми, отворени предавања, трибини итн) од изминатите 10 години.
10. Дали МНТ соработува или има меморандум за соработка со други институции од областа на културата во РС Македонија или странство? Доколку да, со кои институции кои проекти/соработки ги има остварено во изминативе 10 години.
11. На кои интернационални и домашни фестивали има учествувано МНТ изминативе 5 години и кои награди ги има освоено на истите?
12. Дали МНТ има сопствена библиотека и кој се има пристап до истата како и со што сè располага архивата на иститутцијата (копија од поставени текстови, фото, видео и аудио записи од продукциите итн)?
13. Кој е начинот на кој се врши изборот на управниот/надзорниот и уметничкиот одбор и колку трае нивниот мандат?
14. Препис копија на годишните планови за работа од изминативе 5 години.

Ве молам информациите да ги доставите на мојата електронска пошта ivana.nelkovska@gmail.com и во писмена форма на ул. „Димитар Пандилов" бр. 7, Скопје.

Со почит,

Ивана Нелковска

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
INSTITUCIONI NACIONAL
МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР
TEATRI POPULLOR MAQEDONAS
Бр. / Nr. 03-94/2
23.01. 2024 год./viti
Скопје / Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР

Согласно вашето барање добиено на меил: info@mnt.mk на ден 16.1.2024 година во прилог на дописот ви праќаме 6 одговорени прашања, а одговорите на осанатите прашања ќе ги пратиме најдоцна до месец септември 2024 година – како што стои во вашето барање.

1. Организациона структура на институцијата со бројот на вработените во секој сектор?

Организационата структура на РСМ НУ МНТ можете да ја најдете на веб страната на театарот во дело ЗА МНТ – Документи
Бројот на вработени во секој сектор изнесува:
Сектор за административни, општи и правни работи - 8 вработени
Секторот за маркетинг и односи за јавност - 2 вработени
Уметнички сектор - 54 вработени
Помошно технички сектор - 68 вработени

7. Просечен износ средства кои се на институцијата доделени од Министерството за култура на РСМ од изминатите 5 години и просечен износ кои институцијата сама го обезбедува од продажба, спонзори, донации итн во изминатите 5 години?

Просечниот износ на средства во изминатите 5 година кои се доделени од Министерството за култура на Македонски народен театар изнесува 16.654.969,00 денари а просечниот износ кој институцијата сама го обезбедува изнесува 7.637.800,00 денари.

8. Листа на изданија кои ги публикувала институвијата?

Избор на листа на изданија и публикации на МНТ:

„А. Чехов Иванов две верзии 1887-1889“ (2023), главен уредник: Зоја Бузалковска
„АКТ“ : Театарот низ фотографии/Галевски (2021), главен уредник: Билјна Црвенковска
„Исчекор кон сонцето, изложба по повод 71 години на Македонскиот народен театар, (2016)
„Уметничка збирка на музејот на МНТ, изложба по повод 70 години на Македонскиот народен театар, (2015)
„71 година МНТ“ каталог „Столетие Василие Поповиќ-Цицо“) – Издавач е музеј на МНТ и НУ Национална галерија на Македонија (2014
„72 години МНТ“ каталог „Јубилејна изложба – Василије Поповиќ-Цицо, столетие“ – Издавач МНТ и МТФ „Војдан Чернодрински (2014)
„Вечната куќа“, автор Јордан Плевнеш, (2013)
„Кирил Ристоски“ – монографија, приредувач и уредник: Јелена Лужина, (2013)

Република Северна Македонија, Национална установа МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР Скопје, Ул. „11 Март“ бр.3, 1000 Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut, Institucioni Nacional TEATRI POPULLOR MAQEDONAS Shkup, Rr. 11 Mars nr. 3 1000 Shkup
Republic of North Macedonia, National Institution MACEDONIAN NATIONAL THEATRE Skopje, Str. 11 March 3, 1000 Skopje
+389 2 3216 725, www.mnt.mk

„Изгубени Германци и други драми“ (2011), приредувач: Јелена Лужина, (2011)
„Македонскиот народен театар во самостојна Република Македонија“, автор: Вељо Кочишки, (2004)
„Македонски народен театар летопис, 1945-1995 драма, опра, балет“, автори: Ристо Стефановски, Славомир Маринковиќ, (1995)
„Македонски народен театар 1945-1985, драма, опра, балет“, (1985).

11. На кои интернационални и домашни фестивали има учествувано МНТ изминатите 5 години и кои награди ги има освоено на истите?

ГОСТУВАЊА (2017)

Гостување на МНТ со театарската претстава Брачна игра на Е.Олби во режија на Тони Михајловски во Домот на Култура – Штип на 10.01.2017 година.

Гостување на МНТ со театарската претстава Разговори во четири очи на И.Бергман во режија на Нина Николиќ во Београдско драмско позориште, Р. Србија на 23.02.2017 година.

Учество со театарската претстава Разговори во четири очи на И.Бергман во режија на Нина Николиќ на Фестивал Човек во Чељабинск, Р.Русија на 27.02.2017 година.

Учество со театарската претстава Разговори во четири очи на И.Бергман во режија на Нина Николиќ во Домот на култура Студентски град – Белград на 02.03.2017 година.

Учество со театарската претстава Животот е прекрасен на Н.Ердман во режија и адаптација на Александар Морфов на Меѓународниот MITEM фестивал во Будимпешта, Р.Унгарија на 19.04.2017 година.

Свечено отворање на Фестивалот на монодрама во Битола со претставата Брачна игра на Е.Олби во режија на Тони Михајловски 05.05.2017 година;

Свечено затворање на Фестивалот на монодрама со Концерт на авторска театарска музика На светов убавина (2003-2013) на Горан Трајкоски на 09.05.2017 година.

Гостување со театарската претстава Брачна игра на Е.Олби, во режија на Тони Михајловски во Домот на култура – Куманово на 28.05.2017 година.

Учество со театарската претстава Ничија земја на Данис Тановиќ во адаптација и режија на Александар Морфов на Ревијата на национални театри во Подгорица, Р.Црна Гора на 07.06.2017 година.

Учество со две изведби со театарската претстава Копање на Меѓународниот Dramatikerinnen фестивал во Грац, Р.Австрија на 10.06. и 11.06.2017 година

Учество со театарската претстава Копање на Кристијан Винклер на МТФ Војдан Чернодрински во Прилеп на 14.06.2017 година.

Учество со театарската претстава Животот е прекрасен на Н.Ердман во адаптација и режија на Александар Морфов на Меѓународниот фестивал Денови на сатирата Фадил Хоџиќ на Сатирично позориште Керемпух од Загреб, Р. Хрватска на 18.06.2017 година.

Учество со театарската претстава Силјан штркот шанца на Д.Дуковски во режија на Срѓан Јаниќијевиќ на Фестивалот на комедија Гола месечина во Скопје на 24.06.2017 година.

Свечено затварање на Меѓународниот фестивал Охридско лето со театарската претстава Ничија земја во адаптација и режија на Александар Морфов на 20.09.2017 година.

Учество со театарската претстава Електра на Андриј Жолдак на Меѓународниот фестивал МЕСС во Сарајево, Босна и Херцеговина на 01.10.2017 година.

Учество со театарската претстава Силјан штркот шанца на Дејан Дуковски, а во режија на Срѓан Јаниќијевиќ на Фестивалот за театарски претстави за деца „Малиот Принц'' во Штип на 25.09.2017 година.

Учество со театарската претстава Силјан Штркот шанца на Дејан Дуковски, а во режија на Срѓан Јаниќијевиќ на Фестивалот Денови на комедија – Куманово на 19.10.2017 година.

НАГРАДИ (2017)

Златна бубамара на популарноста 2017

- **Награда за млад актер за 2016 г. на Александар Михајловски за улогата на Силјан Штркот**
- **Награда за најпопуларен актер за 2016 г. на Никола Ристановски**

Награда за најдобар млад актер „Рејџан Демирџиќ" на Интернационалниот фестивал МЕСС, Сараево, за Дарја Ризова за улогата Електра во претставата „Електра", 2017 г.

Награда за најдобра женска улога на фестивалот „Денови на сатира", Загреб, на Николина Кујача за улогата на Марија Лукјанова во „Животот е прекрасен"

Награда за актерско мајсторство на кукла на Тања Кочовска во претставата „Петар Пан“ на меѓународен куклен фестивал, Подгорица, 2017 г.

ГОСТУВАЊА НА МНТ (2018/2019)

11.9.2018 г. „Квартет“ 26. издание на Меѓународен фестивал на камерен театар „Ристо Шишков“, Струмица

6.10.2018 г. „Разговори во четири очи“ 6. Интернационален театарски фестивал „Подмосковски ноќи“, во Митишчанскиот театар за драма и комедија „Фест“ во Русија

9.10.2018 г. „Кец на десетка“ во рамките на 21. издание на Меѓународниот театарски фестивал „Денови на комедијата“ во Куманово

24.10.2018 г. „Кец на десетка“ изведена на Меѓународниот фестивал на хуморот и сатирата - ИН Виница Веритас, Виница

26.2.2019 г. „Разговори во четири очи“ во рамките на НИТ Фест, Шилпи театар во Катманду - Непал

1.3.2019 г. „Разговори во четири очи“ во рамките на Паралел фестивал, Театарот во Покхара - Непал

7.6.2019 г. „Макбет“ 54. издание на МТФ „Војдан Чернодрински“, Прилеп

11.6.2019 г. „Галеб“ во рамките на 27. издание на интернационалниот театарски фестивал „Варненски лето“, Варна - Р. Бугарија

13.6.2019 г. „Галеб“ 13. издание на платформата Светскиот театар во Софија, Р. Бугарија

15.6.2019 г. „Сијлан штркот шанца“ 54. издание на МТФ „Војдан Чернодрински“, Прилеп

НАГРАДИ (2018/2019)

- **Актерот Петре Арсовски, доајен на македонското актерство и на Македонскиот народен театар, ја доби државната награда „11 Октомври“ во 2018 година како највисоко признание за животно дело во областа на културата и уметноста од јавен интерес на Република Македонија. Наградата му беше врачена во Собранието на Република Македонија.**
- **Театарска претстава на годината за 2018 година „Еден месец на село“ – Златна Буба мара на популарноста, 21.2.2019 г.**

На 54. издание на МТФ „Војдан Чернодрински“ во Прилеп, Македонскиот народен театар во официјалната програма се претстави со претставата „Макбет“ во режија на Нела Витошевиќ, а оценувачкото жири ја донесе следната одлука:

- **Награда за костимографија се доделува на Роза Трајческа – Ристовска за костимите во претставата „Макбет“ на НУ Македонски народен театар – Скопје.**
- **Награда за сценографија се доделува на Костантин Трпеноски за сценографијата во претставата „Макбет“ на НУ Македонски народен театар – Скопје.**

ГОСТУВАЊА НА МНТ (2021/2022)
12.06.2021 г. МНТ со претставата „Кец на десетка“ гостуваше во рамките на манифестацијата „Струмица град на културата“ за 2021 година;
26.06.2021 г. Македонскиот народен театар со монодрамата „Последната лента на Крап“ од Семјуел Бекет, во изведба, режија на Ѓорѓи Јолевски, учествуваше на 21. издание на Интернационалниот фестивал на монодрама во Битола;
29.06.2021 г. Македонскиот народен театар со меѓународниот проект „Отело“ од Вилијам Шекспир, во режија на Нина Николиќ, учествуваше на 42. „Скопско лето“;
07.07.2021 г. Македонскиот народен театар со комуникациската современа музичка драма „Само глас“ од авторката Нина Плавањац, во режија на Марјан Неќак, учествуваше на 42. „Скопско лето“;
17.08.2021 г. Македонскиот народен театар со меѓународниот проект „Отело“ од Вилијам Шекспир, во режија на Нина Николиќ, учествуваше на Интернационалниот фестивал на античка драма „Стоби“;
13.09.2021 г. МНТ со комуникациската современа музичка драма „Само глас“ гостуваше во рамките на 29. фестивал „Ристо Шишков“, Струмица;
18.09.2021 г. Македонскиот народен театар со претставата „Мој термин“, учествуваше на на фестивалот „Гола месечина“ во организација на Општина Аеродром и Театар комедија, Скопје;
01.10.2021 г. Претставата „Мој термин“, учествуваше на 55. фестивал „Војдан Чернодрински“, Прилеп;
12.10.2021 г. МНТ со претставата „Само глас“ гостуваше на „Јоакимфест“, а домаќин и организатор на Фестивалот е Кнежевско-српскиот театар, Крагуевац – Р Србија;
30.11.2021 г. МНТ и Вондерленд театар со претставата „Работи за кои не зборуваме“ гостуваше во во Центарот за културна деконтаминација, Белград - Р Србија;
4.12.2021 г. МНТ и Вондерленд театар со претставата „Работи за кои не зборуваме“ учествуваа на МОТ;
5.12.2021 г. МНТ и Вондерленд театар со претставата „Работи за кои не зборуваме“, Гостување во Народен театар Битола;
14.12.2021 г. МНТ и Вондерленд театар со претставата „Работи за кои не зборуваме“, Гостуваа во театарот во Радом (Teatr Powszechny Im. Jana Kochanowskiego), во Р Полска;
20.12.2021 г. МНТ и Вондерленд театар со претставата „Работи за кои не зборуваме“, гостуваа на фестивалот Денови на Јурислав Кореник во Камерен театар 55 Сараево - Босна и Херцеговина;

27.12.2021 г. МНТ и Вондерленд театар со претставата „Работи за кои не зборуваме“, Гостуваа во Н.У. Центар за култура „Ацо Шопов“, Штип;
15.03.2022 г. Македонскиот народен театар со копродукцискиот проект „Нема да биде крај на светот“ учествуваше на 9. Меѓународен театарски фестивал на балканските земји во Бурса, Р Турција;
14.05.2022 г. МНТ со претставата „Само глас“ свечено го отвори Интернационалниот фестивал на монодрамата во Битола;
27.05.2022 г. МНТ со копродукциската претстава „Не се клади на Енглези“ гостуваше на фестивалот „5-РЕ“ во Велес;
27.05.2022 г. Македонскиот народен театар со монодрамата „Последната лента на Крап“ гостуваше на јубилејните 30. денови на Св. Кирил и Методиј во Крањ, Р Словенија;
29.05.2022 г. МНТ со претставата „Последната лента на Крап“ гостуваше на фестивалот на монодрамата „Гавран фест“ во Загреб, Р Хрватска;
02.06.2022 г. МНТ со копродукциската претстава „Нема да биде крај на светот“ гостуваше на 9. Фестивал на актерот во Коњиц;
03.06.2022 г. МНТ со претставата „Народен непријател“ свечено го отвори 56. Интернационален фестивал „Војдан Чернодрински“ – Прилеп;
04.06.2022 г. МНТ со копродукциската претстава „Нема да биде крај на светот“ гостуваше на 21. Фестивал на Босанскохецеговачката драма во Зеница, БиХ;
06.06.2022 г. МНТ со копродукциската претстава „Нема да биде крај на светот“ гостуваше во Брчко, БиХ;
22.06.2022 г. МНТ со претставата „Нема да биде крај на светот“ учествуваше на Скопско лето;
23.06.2022 г. МНТ со претставата „Торонто експрес“ учествуваше на Скопско лето;
24.06.2022 г. МНТ со претставата „Последната лента на Крап“ учествуваше на Скопско лето;
03.07.2022 г. Копродукциската претстава „Не се клади на Енглези“ гостуваше во рамките на 15-годишнината од Фестивалот „Македонско културно лето“ во Пустец, Р Албанија;
05.07.2022 г. МНТ со претставата „Народен непријател“ гостуваше на Битолскиот летен фестивал - БИТ ФЕСТ, Битола;
15.08.2022 г. МНТ со претставата „Народен непријател“ гостуваше на 62. Охридско лето;
15.03.2022 г. Македонскиот народен театар со копродукцискиот проект „Нема да биде крај на светот“ учествуваше на 9. Меѓународен театарски фестивал на балканските земји во Бурса, Р Турција;
14.05.2022 г. МНТ со претставата „Само глас“ свечено го отвори Интернационалниот фестивал на монодрамата во Битола;
27.05.2022 г. МНТ со копродукциската претстава „Не се клади на Енглези“ гостуваше на фестивалот „5-РЕ“ во Велес;
27.05.2022 г. Македонскиот народен театар со монодрамата „Последната лента на Крап“ гостуваше на јубилејните 30. денови на Св. Кирил и Методиј во Крањ, Р Словенија;
29.05.2022 г. МНТ со претставата „Последната лента на Крап“ гостуваше на фестивалот на монодрамата „Гавран фест“ во Загреб, Р Хрватска;
02.06.2022 г. МНТ со копродукциската претстава „Нема да биде крај на светот“ гостуваше на 9. Фестивал на актерот во Коњиц;

03.06.2022 г. МНТ со претставата „Народен непријател“ свечено го отвори 56. Интернационален фестивал „Војдан Чернодрински“ – Прилеп;
04.06.2022 г. МНТ со копродукциската претстава „Нема да биде крај на светот“ гостуваше на 21. Фестивал на Босанскохецеговачката драма во Зеница, БиХ;
06.06.2022 г. МНТ со копродукциската претстава „Нема да биде крај на светот“ гостуваше во Брчко, БиХ;
22.06.2022 г. МНТ со претставата „Нема да биде крај на светот“ учествуваше на Скопско лето;
23.06.2022 г. МНТ со претставата „Торонто експрес“ учествуваше на Скопско лето;
24.06.2022 г. МНТ со претставата „Последната лента на Крап“ учествуваше на Скопско лето;
03.07.2022 г. Копродукциската претстава „Не се клади на Енглези“ гостуваше во рамките на 15-годишнината од Фестивалот „Македонско културно лето“ во Пустец, Р Албанија;
05.07.2022 г. МНТ со претставата „Народен непријател“ гостуваше на Битолскиот летен фестивал - БИТ ФЕСТ, Битола;
15.08.2022 г. МНТ со претставата „Народен непријател“ гостуваше на 62. Охридско лето;
1.09.2022 г. „Народен непријател“ го отвори 9. Интернационален театарски фестивал „НОВ ТВРДИНА ТЕАТАР“, на сцената на Српско народно позориште – Нови Сад;
20.09.2022 г. На сцената на театарот „Јордан Хаџи Константинов - Џинот“, Велес,
во офф-програмата на ИФАД „Стоби“, членот на жири-комисијата, Ѓорѓи Јолевски, настапи со монодрамата „Последната лента на Крап“. 19. Интернационален фестивал на античка драма „Стоби“, се одржа од 17 септември до 1 октомври, а покрај официјалната натпреварувачка програма, вклучена е и придружна офф-програма;
14.10.2022 г. Македонскиот народен театар со монодрамата „Последната лента на Крап“, во изведба, режија и продукција на актерот Ѓорѓи Јолевски, на 14 октомври учествуваше на 10. Бечејски фестивал на монодрамата Би:фемон (Be:femon), во Бечеј, Р Србија;
24.10.2022 г. „Нема да биде крај на светот“, копродукциската претстава на Македонскиот народен театар, Перипетија продукција - Скопје и Сараевскиот воен театар САРТР – Сараево, на 24 октомври со почеток во 19:30 беше дел од ИНТЕРНАЦИОНАЛНИТЕ ТЕАТАРСКИ СРЕДБИ БРЧКО ДИСТРИКТ, БиХ, насловени под слоганот „Болест на Општеството“ (Bolest Друштва);
28.10.2022 г. На ИНТЕРНАЦИОНАЛНИТЕ ТЕАТАРСКИ СРЕДБИ БРЧКО ДИСТРИКТ, Брчко, БиХ, одржани од 20.10. - 28.10.2022 година, стручното жири во состав: Жељко Митровиќ, актер; Емина Муфтиќ, актерка; Драган Деспот, актер; одлучи наградата за најдобра млада актерка да ја додели на Дарја Ризова за улогата на Маша, а наградата за најдобра споредна улога (актер или актерка), едногласно му беше доделена на Саша Ханџиќ за улогата на Таткото, а воедно Ханџиќ е добитник и на наградата за најдобра машка улога за улогата на Вања во претставата „Куќа“;
5.11.2022 г. Македонскиот народен театар со претставата „Народен непријател“ од Хенрик Ибзен, а во режија на Нина Николиќ, ќе учествува на 25. Фестивал во Р Италија („Quartieri dell'Arte“). Претставата ќе има само една изведба и ќе се одигра на 5 ноември на сцената во театарот во Витербо (Teatro dell’Unione). Ова е главниот италијански фестивал на новото/современо пишување. Се одржува секоја година во областа Витербо и во Рим, а предводен е од тимот на италијанските драматурзи Џан Марија Черво и Алберто Басети. QdA создава проекти кои имаат цел не само да се соочат туку и да интегрираат драмски и постдраматични елементи, како и да истражуваат и да експериментираат нови „хибридни“

стратегии за пишување на нови драми. За да му се даде дополнително значење на зборот „Револуција“, содржан во насловот на тематскиот циклус на QdA, на овој комплексен проект „Патиштата на хероите“, чиј организатор на фестивалот е негов партнер: проектот вклучува изработка на извештаи за отпад за влијанието врз животната средина на некои од емисиите што ќе поминат низ QdA во периодот 2021/2022 год. изработени од експерти и во соработка со Универзитетот во Тушија. Изработени се неколку краткометражни филмови и театарска претстава за еколошките херои. Проектот е поддржан од програмата „Креативна Европа“ во рамките на повикот за проекти за културна соработка на Западниот Балкан. Фестивалот бил/е партнер со Кралскиот национален театар - Лондон, Бург театарот - Виена, МЕЕС - Париз, Театарот на кралската размена - Манчестер и Народни дивадло, Прага, како и со Македонскиот народен театар - РС Македонија.

12.11.2022 г. По фестивалското гостување во Витербо, Р Италија, Македонскиот народен театар со претставата „Народен непријател“ ќе учествува и на 18. Меѓународен фестивал на актерот, Никшиќ 2022. Во натпреварувачкиот дел од програмата, која ќе трае од 7 до 12 ноември, ќе бидат изведени 6 (шест) театарски претстави од Црна Гора и регионот (Р Србија, Р Хрватска, БиХ и РС Македонија). Претставата „Народен непријател“ во која играат: Никола Ристановски, Звездана Ангеловска, Дарја Ризова, Јана Вељановска, Ана Арсовска/Лана Грпчевски, Благој Веселинов, Петре Арсовски, Сашка Димитровска, Александар Михајловски, Нино Леви и Мартин Ѓоргоски, ќе се одигра на последната натпреварувачка вечер на 12 ноември на сцената на Никшиќко позориште.

НАГРАДИ (2021/2022)

27.06.2021 г. „Последната лента на Крап“ од Семјуел Бекет, во изведба и режија на Ѓорѓи Јолевски, на 22. Интернационален фестивал на монодрамата во Битола доби „Гран при“ за најдобра претстава и најдобра режија. Монодрамата е во продукција на Ѓорѓи Јолевски во копродукција со Македонскиот народен театар и Перипетија - Скопје.

13.09.2021 г. Македонскиот народен театар со огромно задоволство објавува дека првенката Звездана Ангеловска е лауреат на наградата за најдобро актерско остварување на 29. фестивал на камерен театар „Ристо Шишков". Таа е единствена која по втор пат ја добива истата награда. Оваа година е наградена за улогата на Таа во претставата „Само глас“ од младата авторка Нина Плавањац, во режија на Марјан Неќак, а во продукција на Македонскиот народен театар.

Според одлуката на фестивалското жири во состав на: Александра Пешевска, Благој Чоревски и Петар Мирчевски:

"Звездана Ангеловска ни овозможи поглед во внатрешниот свет на нејзиниот лик, изнесувајќи ги своите лични ставови, а преку нејзиното ламентирање се реконструира и пошироката слика на општество од социјален, идеолошки и религиозен аспект. Звездана Ангеловска својот лик го надградува со користење и на музички средства, во секој миг беше посветена и уверлива во својата креација на ликот, актерски моќна и стамена. Трансформациите на ликот го покажуваат актерскиот дијапазон на Ангеловска, дијапазон со океанска длабочина и небесна широчина! Таа манифестираше модерен актерски израз во контекст на актуелниот глобален општествен миг".

01.10.2021 г. Награда за животно дело за доајенот на Македонскиот народен театар Емил Рубен на 55. фестивал „Војдан Чернодрински“

Емил Рубен (1948) е актер за кој безброј пати е констатирано деке е „жива легенда“ на македонскиот театар и филм. Дипломира на актерска игра на Академијата за филм и театар во Загреб во 1971 година, од каде се враќа во Скопје и се вработува во тогашната Драма при Македонскиот народен театар – Скопје, во 1974 година. Таа му е матична сцена на која има одиграно дузина и дузини ликови во нови и стотици репризни претстави. Игра и на други сцени. Во 2008 година му е доделена наградата за животно дело со името на легендата на македонското глумиште Петре Прличко, за 2007 година, а во 2001 година ја добива и наградата на Град Скопје „13 Ноември“.

Како актер тој континуирано, трпеливо и сигурно ја создава својата театарска, филмска и телевизиска ризница на ликови. Актерската професија ја започнува во раното детство, на 7 години: во 1954 година е одбран да ја одигра улогата на Жарко во филмот „Тие двајцата“ на Жорж Скригин. Две години подоцна има уште два филма и две главни улоги: долгометражниот „Малиот човек“ на Жика Чукулиќ и краткометражниот „Бунт на куклите“ на Димитрие Османли. Уште во тие свои први чекори пред камерата покажува изворен талент за филмска глума/игра.

Емил Рубен е актер кој безрезервно му припаѓа на театарот. Го имало и го има во речиси сите важни претстави на МНТ - секогаш како лик кој се памети по неговата игра. Пред почетокот на претставата е „опуштен тремаџија“, а пред публиката и во текот на изведбата, е актер кој ги истакнува деталите со кои го обликува ликот. Тој е актер со одлична говорна дикција, актер кој јасно говори текст и секој негов лик е убедлива презентација на неговата актерска вештина.

Прв допир со театарот му е во претставата „Чичко Томината колиба“, како гостин, изведена од учениците на старата Учителска школа т.н. „Идадија“, во 1960 година. Професионално почнува да се занимава со театар во 1966/67 година: со улогата на Детето во претставата на МНТ – „Случајот во Виши“ во режија на Димитар Ќостаров. Височината на глумата ја потврдува низ ликовите од домашната и светска драматургија, од современоста, класиката или антиката. Тоа се ликови во кои тој се идентификувал како шегаџија, пијаница, маргиналец, бунтовник, трагичар – Благоја во „Под пирамидата“ (1971), Кире во „Тесен пат кон далечниот север“ (1972), Лудиот Роган во „Пелиново“ (1974), Петер во „Соблазна во Шентфлоријанската долина“ (1976), Мартин во „Кандид“ (1980), Октавиј во „Јулиј Цезар“ (1982), Могел во „Свирач на покрив“ (1983), Лазо во „Мрестење на крапoвите“ (1987), Оронт во „Мизантроп“ (1989), Васил во „Женски прилог во ноќта“ (1993), Фабриција во „Господа Глембаеви“ (1996), Симеонов во „Вишновата градина“ (1997), Степан Трифимович Верховенски во „Демони“ (2001), Фезлиев во Црнила 005 (2005), Советник во „Ревизор“ (2006), Шарл Ваклде де Лагранж во „Животот на Молиер“ (2012), Жика во „Сомнително

лице“, Доктор Стравински во „Мајсторот и Маргарита“ (2015), Аристарх Доминикович Скубик во „Животот е прекрасен“ (2015), Реџиналд Пеџит во „Квартет“ (2016), Тито кучето во „Изгубени Германци“ (2013) ... Токму во оваа улога во која игра низ молк (повеќе од два часа на сцената без да проговори ниту збор) се согледува врвната мајсторска игра на актерот Емил Рубен.

Емил Рубен е еден од ретките македонски филмски актери кој уште од своите најмлади години има можност да снима со актерските величини како Миливоје Живановиќ, Мира Ступица, Бранко Плеша, Раде Марковиќ, а подоцна, во својата професионална кариера – и со Ристо Шишков, Мадлен Жобер (во францускиот филм „Јавачи на бура“ од 1983 година), Илија Џувалековски, итн... Во неговата селективна филмографија се филмовите: „Тие двајцата“ (1955), „Малиот човек“ (1957), „Бунт на куклите“ (1957), „Ветрот запре пред зори“ (1959), „Партизански приказни“ (1960), „Денот четиринаесетти“ (1960), „Истрел“ (1972), „Јазол“ (1985), „Збогум на 20-тиот век“ (1998), „Глас“ (2000), „Писмо“ (2000), „Едно од лицата на смртта“ (2003), „Седум приказни за љубовта и свршувањето“ (2003), „Како убив светец“ (2004), „Бал-кан-кан“ (2004), „Контакт“ (2005), „Остани исправен“ (2005), „Трето полувреме“ (2012), „Балканот не е мртов“(2013), „Хеј“ (2018).

Преку остварените ликови на Емил Рубен на сцената на МНТ се испишува и голем дел од историјата на театарот во изминатите децении во кои тој своите ликовите ги реализирал на начини кои го вреднуваат на најпрепознатливо квалитетно ниво. Емил Рубен, низ ликовите остварени на сцената на МНТ, секогаш е забележан и од критиката – во земјава и на гостувањата вон неа. Со постојаноста на квалитетот на сцената, на филмското платно и на телевизискиот екран, Рубен е вредносен носител на реализации преку кои тој е запаметен/се памети како човек/актер/уметник кој се гради а на сето изминато време му дава значаен белег.

8.10.2021 г. Актерот Јордан Симонов е добитник на наградата за главна машка улога на 55. македонски театарски фестивал „Војдан Чернодрински“ во Прилеп. Наградата ја добива за улогата на Филип во претставата „Мој термин“ по мотивите на Лорен Бафи и Висенте Виљануева, во режија на Синиша Евтимов, а во продукција на Македонски народен театар. Наградата е доделена од фестивалското жири во состав; Звездана Ангеловска, Бајруш Мјаку и Александар Милосављевиќ.

16.10.2021 г. Режисерот Марјан Неќак е добитник на Специјалната награда на градот Крагуевац на 16. меѓународен фестивал „Јоакимфест“ за извонреден музички концепт во претставата „Само глас“ во продукција на МНТ. Она што жирито на овој фестивал го воодушевува е: „музиката која е разиграна, продолжена рака на длабокиот глас на отуѓеноста. Ова е ретко дело во кое музиката е потполн партнер и на глумецот и на текстот и на режијата и на сценографијата и на филмот. Доминантен партнер.“

29.10.2021 г. Четири награди на театарскиот фестивал „Живи фест“ во Босна и Херцеговина за претставата „Нема да биде крај на светот“ од авторот Аднан Лугониќ, во режија на Нина Николиќ. Со едногласната одлука на жирито во состав: Владо Керошевиќ - актер, Љиљана Чекиќ - актерка и Алмир Башовиќ - драмски писател, претставата освои: специјалната награда за режија е доделена на Нина Николиќ, наградата за најдобра актерка ја доби Дарја Ризова, наградата за најдобар актер оди во рацете на Саша Ханџиќ и специјалната награда за актерска игра ја освои Џана Џаниќ.

Засновајќи ја својата режија првенствено на посветената работа со актерите, Нина Николиќ не потсети на степенот до кој театарот е синтеза на различни елементи, но во своите најдобри моменти тоа главно се базира на способноста да остане првенствено актерска уметност.

Дарја Ризова демонстрира големи актерски способности засновани на суптилни актерски средства, покажувајќи дека актерската уметност која води до убедлив сценски свет е многу способна да ги надмине јазичните бариери.

Играјќи ја својата улога на два јазика, босански и македонски, Саша Ханџиќ покажува голема способност за актерска трансформација на сцената, како и големо мајсторство на актерските средства, кое пред се се заснова на чувството за мерка.

Џенана Џаниќ со својата улога и изборот на актери успеа да постигне висок степен на сценска уверливост, нудејќи ни можност да се поистоветиме со светот на претставата, притоа убедувајќи нѐ дека стилската редукција понекогаш е доказ дека „уметноста може да биде повеќе“.

8.05.2022 г. Актерот првенец на НУ РСМ МНТ Игор Џамбазов е добитник на овогодинешната награда за животно дело насловена по неговиот дедо Петре Прличко. Џамбазов (1963) скоро пет децении е дел од македонскиот театар, филм и култура. Преку остварените ликови на сцената на МНТ, како и на сцените на други театри се испишува и дел на историјата на театарот. Тој е актер за кој безброј пати е констатирано и заштитен знак на македонскиот театар и филм. Во НУ Македонскиот народен театар – Скопје е вработен од 1992 година. Претходно, од 1987 до 1992 година работи во Драмски театар – Скопје, откако дипломира актерска игра на Факултетот за драмски уметности – Скопје. Преку неговите остварени ликови, првенствено на сцената на Македонски народен театар и Драмски театар – Скопје се испишува и еден голем дел на историјата на театарот во периодот помеѓу 1984 и 1996 година, декада во која ги остварува некои од своите најпознати улоги и во кои своите ликови ги реализира на начини кои го вреднуваат на највисокото и најпрепознатливо ниво. Истото се докажува и со последните негови остварени улоги во кои е евидентно неговото стекнато искуство, актерска зрелост и изразена моќ во сигурноста на говорот и односот на сцената. Џамбазов е една од доминантните појави и опстојби на македонската актерска сцена, актер кој се развиј во уметник со огромна дарба и разнобразен репертоар. Неговиот актерски опус го развиј во комплексна актерска личност која реализира карактерно моќни креации - речиси секогаш главни ликови. Со постојаноста на квалитетот на сцената, на филмското платно, на телевизискиот екран и на уште низа настани во чија реализација учествува, Џамбазов е вредносен носител на реализации преку кои тој е запаметен/се памети како човек/актер/уметник кој плени, а на сето изминато време му дава значаен белег;

27.05.2022 г. Со затворањето на театарската сезона 2021-2022 година, жирито на Јени Тијатро Дергиси (Yeni Tiyatro Dergisi), во селекција на повеќе од 200 театарски претстави, го објави првиот дел од Меѓународните награди за достигнувања на најдобри актери, продукции и претстави во Истанбул. Жирито, кое внимателно ги следи сите светски театарски трендови и вклучува значајни имиња и ветерани со големо мајсторство во својата област, едногласно ја додели наградата на нашата актерка Дарја Ризова за најдобра актерка на меѓународно ниво за улогата на Маша во претставата „Нема да биде крај на светот“, копродукција на Македонскиот народен театар, Перипетија продукција и Сараевскиот ратни театар – САРТР. Ова за актерката е втора награда за најдобра актерка за истоимената улога/претстава, а на 13 јуни во културниот центар „Кадебостан“ во Кадикој - Р Турција, и официјално и беше доделена статуетката на овој реномиран, светски театарски настан;

9.6.2022 г. Од страна на оценувачката комисија на 56. МТФ „Војдан Чернодрински“ - Прилеп се соопштија одлуките на наградените. Во официјалната фестивалска програма на која учествуваа осум претстави во продукција на македонски театарски куќи, како и Македонскиот народен театар со претставата „Народен непријател“ од Хенрик Ибзен, во режија на Нина Николиќ, едногласниот став и оценка на жирито во состав: Љупчо Ѓорѓиевски – режисер, Бесфорт Идризи – актер и Сотир Трајков – театарски критичар, го истакнаа следново — наградата за уметничко остварување се доделува на претставата „Народен непријател“ во режија на Нина Николиќ; наградата за главна машка улога во истоимената претстава се доделува на Никола Ристановски, наградата за сценографија е доделена на сценографката Вишња Вујовиќ и четвртата награда се доделува за рекламен материјал на Димитар Димитров.

13.06.2022 г. „Нема да биде крај на светот“ најдобра претстава во целина на фестивалот БиХ драма Зеница - Копродукцискиот проект помеѓу МНТ, Перипетија продукција и Сараевски ратни театар САРТР, „Нема да биде крај на светот“ е добитник на наградата од новинарското жири за најдобра претстава во целина на фестивалот БиХ драма Зеница - БиХ.

14.06.2022 г. На деветтиот Фестивал на актерот во Коњиц на кој учествуваа девет професионални театри од регионот: Србија, Хрватска, РС Македонија и БиХ, нашата актерка Дарја Ризова ја доби наградата за најдобра регионална актерка за улогата на Маша во претставата „Нема да биде крај на светот“ по текст на Аднан Лугониќ, а во режија на Нина Николиќ. Како што истакна и директорот на фестивалот, Бенјамин Мушиновиќ, радува фактот што оваа награда како жири-комисија ја доделува самата публика. За разлика од другите театарски фестивали, жирито на овој фестивал го сочинува само публиката која го избира најдобриот актер и актерка. За театарските работници тоа е најчесното. Фестивалската програма завршува со прогласување на најдобра актерка и најдобар актер на 15 јуни 2022 година.

06.07.2022 г. На 15. Фестивал на Македонско културно лето. Албанија на актерот Сашко Коцев ја додели наградата за најдобар актер, за улогата на Паун, во копродукциската претстава "Не се клади на Енглези";

8.05.2022 г. Актерот првенец на НУ РСМ МНТ Игор Џамбазов е добитник на овогодинешната награда за животно дело насловена по неговиот дедо Петре Прличко. Џамбазов (1963) скоро пет децении е дел од македонскиот театар, филм и култура. Преку остварените ликови на сцената на МНТ, како и на сцените на други театри се испишува и дел на

историјата на театарот. Тој е актер за кој безброј пати е констатирано и заштитен знак на македонскиот театар и филм. Во НУ Македонскиот народен театар – Скопје е вработен од 1992 година. Претходно, од 1987 до 1992 година работи во Драмски театар – Скопје, откако дипломира актерска игра на Факултетот за драмски уметности – Скопје. Преку неговите остварени ликови, првенствено на сцената на Македонски народен театар и Драмски театар – Скопје се испишува и еден голем дел на историјата на театарот во периодот помеѓу 1984 и 1996 година, декада во која ги остварува некои од своите најпознати улоги и во кои своите ликови ги реализира на начини кои го вреднуваат на највисокото и најпрепознатливо ниво. Истото се докажува и со последните негови остварени улоги во кои е евидентно неговото стекнато искуство, актерска зрелост и изразена моќ во сигурноста на говорот и односот на сцената. Џамбазов е една од доминантните појави и опстојби на македонската актерска сцена, актер кој се разви во уметник со огромна дарба и разнобразен репертоар. Неговиот актерски опус го разви во комплексна актерска личност која реализира карактерно моќни креации - речиси секогаш главни ликови. Со постојаноста на квалитетот на сцената, на филмското платно, на телевизискиот екран и на уште низа настани во чија реализација учествува, Џамбазов е вредносен носител на реализации преку кои тој е запаметен/се памети како човек/актер/уметник кој плени, а на сето изминато време му дава значаен белег;

27.05.2022 г. Со затворањето на театарската сезона 2021-2022 година, жирито на Јени Тијатро Дергиси (Yeni Tiyatro Dergisi), во селекција на повеќе од 200 театарски претстави, го објави првиот дел од Меѓународните награди за достигнувања на најдобри актери, продукции и претстави во Истанбул. Жирито, кое внимателно ги следи сите светски театарски трендови и вклучува значајни имиња и ветерани со големо мајсторство во својата област, едногласно ја додели наградата на нашата актерка Дарја Ризова за најдобра актерка на меѓународно ниво за улогата на Маша во претставата „Нема да биде крај на светот“, копродукција на Македонскиот народен театар, Перипетија продукција и Сараевскиот ратни театар – САРТР. Ова за актерката е втора награда за најдобра актерка за истоимената улога/претстава, а на 13 јуни во културниот центар „Кадебостан“ во Кадикој - Р Турција, и официјално и беше доделена статуетката на овој реномиран, светски театарски настан;

9.6.2022 г. Од страна на оценувачката комисија на 56. МТФ „Војдан Чернодрински“ - Прилеп се соопштија одлуките на наградените. Во официјалната фестивалска програма на која учествуваа осум претстави во продукција на македонски театарски куќи, како и Македонскиот народен театар со претставата „Народен непријател“ од Хенрик Ибзен, во режија на Нина Николиќ, едногласниот став и оценка на жирито во состав: Љупчо Ѓорѓиевски – режисер, Бесфорт Идризи – актер и Сотир Трајков – театарски критичар, го истакнаа следново — наградата за уметничко остварување се доделува на претставата „Народен непријател“ во режија на Нина Николиќ; наградата за главна машка улога во истоимената претстава се доделува на Никола Ристановски, наградата за сценографија е доделена на сценографката Вишња Вујовиќ и четвртата награда се доделува за рекламен материјал на Димитар Димитров.

13.06.2022 г. „Нема да биде крај на светот“ најдобра претстава во целина на фестивалот БиХ драма Зеница - Копродукцискиот проект помеѓу МНТ, Перипетија продукција и Сараевски

ратни театар САРТР, „Нема да биде крај на светот“ е добитник на наградата од новинарското жири за најдобра претстава во целина на фестивалот БиХ драма Зеница - БиХ.

14.06.2022 г. На деветтиот Фестивал на актерот во Коњиц на кој учествуваа девет професионални театри од регионот: Србија, Хрватска, РС Македонија и БиХ, нашата актерка Дарја Ризова ја доби наградата за најдобра регионална актерка за улогата на Маша во претставата „Нема да биде крај на светот“ по текст на Аднан Лугониќ, а во режија на Нина Николиќ. Како што истакна и директорот на фестивалот, Бенјамин Мушиновиќ, радува фактот што оваа награда како жири-комисија ја доделува самата публика. За разлика од другите театарски фестивали, жирито на овој фестивал го сочинува само публиката која го избира најдобриот актер и актерка. За театарските работници тоа е најчесното. Фестивалската програма завршува со прогласување на најдобра актерка и најдобар актер на 15 јуни 2022 година.

06.07.2022 г. На 15. Фестивал на Македонско културно лето. Албанија на актерот Сашко Коцев ја додели наградата за најдобар актер, за улогата на Паун, во копродукциската претстава "Не се клади на Енглези";

7.09.2022 г. Македонскиот народен театар на 1 септември со претставата „Народен непријател“ од Хенрик Ибзен, а во режија на Нина Николиќ, го отвори 9. театарски фестивал „НОВ ТВРДИНА ТЕАТАР“, која се одигра на сцената на „Српско народно позориште“, Нови Сад - Србија. Оваа претстава е дел од проектот "Патиштата на хероите".

Жири-комисијата во состав: Ласло Блашковиќ, писател (претседател на жирито), Јована Балашевиќ, актерка, и Ивана Ѓуриќ Пауновиќ, литературен преведувач, едногласно одлучија наградата за најдобра машка улога да се додели на Никола Ристановски за улогата на Др. Томас Стокман, во претставата „Народен непријател“ во режија на Нина Николиќ, а во продукција на Македонски народен театар.

Ристановски, веќе 30 години, кариерата успешно ја гради во сопствената земја, но и надвор од нејзините граници.

13.09.2022 г. Ко-продукциската претстава „Нема да биде крај на светот“, на Македонскиот народен театар, Перипетија продукција - Скопје и Сараевскиот воен театар САРТР – Сараево, беше дел од натпреварувачката програма меѓу девет претстави на овогодинешниот 30. фестивал на камерен театар „Ристо Шишков“ - Струмица кој се оддржува од 8 до 13 септември.

Дел од историјата на овој фестивал е и Дарја Ризова која ја доби наградата за најдобра актерка за улогата на Маша во претставата „Нема да биде крај на светот“ по текст на Аднан Лугониќ, а во режија на Нина Николиќ. Наградата ја доделува жири-комисијата во состав: Звездана Ангеловска, актерка (претседател на жири-комисијата), Нико Горшиќ, актер, и Петре Арсовски, актер.

Оваа година повторно и се потврдува на Ризова нејзината максимална театарска професионалност и посветеност, која резултираше со уште една награда – четврта по ред.

13.11.2022 г. Никола Ристановски е добитник на наградата гран при за најдобра машка улога на 18. Меѓународен фестивал на актерот, Никшиќ 2022, Црна Гора, за улогата д-р Стокман во претставата „Народен непријател“ во режија на Нина Николиќ. Оваа награда му ја додели жирито во состав: Тања Бошковиќ, претседател, и Славиша Чуровиќ и Тања Перишиќ, членови. Таа е трета награда по ред за истата улога по оние на МТФ „Војдан

Чернодрински“, Прилеп, и на фестивалот „НОВ ТВРДИНА ТЕАТАР“, Србија. Истовремено таа е и уште една театарска награда во низата награди која тој ја добива, а со тоа е и најтрофејниот актер во историјата на македонскиот театар.
14.11.2022 г. Првенецот на Македонскиот народен театар,Тони Михајловски е добитник на Наградата „13 Ноември“ на град Скопје за 2022 година

ГОСТУВАЊА НА МНТ (2023)
15.05.2023 г. „Торонто експрес“ гостуваше на меѓународниот фестивал на монодрамата во Битола
31.05.2023 г. „Народен непријател“ гостуваше во Црногорско народно позориште, Подгорица – Р Црна Гора
2.06.2023 г. „Народен непријател“ гостуваше во Босанско народно позориште, Зеница – БИХ
25.06.2023 г. „Нема да биде крај на светот“ учествуваше на италијанскиот фестивал „Монте Сакро“ во Фоџа, Р Италија
18.07.2023 г. „Народен непријател“ гостуваше на XVIII меѓународен театарски фестивал „Пургаторије“ – Тиват, Р Црна Гора
12.9.2023 г. Со претставата „ЛАГАТА“ учествуваше на 31. Фестивал на камерен театар „Ристо Шишков“ во театарот „Антон Панов“, Струмица, а во чест на нашиот драг колега, соработник и пред сè голем пријател - Крсте С. Џидров.
9.10.2023 г. „Народен непријател“ го отвори VII Интернационален театарски фестивал „Отело“ во Гостивар.
10.10.2023 г. во рамките на официјалната програма на XX ИФАД „Стоби“, на сцената - „Јордан Хаџи Константинов - Џинот“, Велес, се одигра претставата „Бакхи: Агава“.
18.10.2023 г. Претставата со спонтан хумор „Кец на десетка гостуваше во Домот на културата „Антон Панов", Струмица.
25.10.2023 г. МНТ со претставата „Народен непријател" гостуваше во Врање, Р Србија на XLII Интернационален театарски фестивал „Борини позоришни дани"

НАГРАДИ (2023)
28.10.2023 г. Наградата „Борисав Станковиќ“ на 43. Интернационален театарски фестивал „Борини позоришни дани“, за најдобра машка улога му се доделува на Никола Ристановски за ликот на
д-р Томас Стокман во претставата „Народен непријател“ од Хенрик Ибзен, во режија на Нина Николиќ, а во продукција на Македонскиот народен театар - Скопје.
Одлуката ја донесе жири-комисијата во која членуваа: Катерина Коцевска, актерка од Скопје, Душан Петровиќ, режисер и професор на ФДУ во Белград и Давор Шпишиќ, драматург и сценарист од Загреб.
Како што стои во образложението од комисијата:

„Никола Ристановски во улогата на д-р Томас Стокман рискантно и дрско го спојува неспоивото: нордиската превртливост и пеливанската балканска итрина.
Игра човек кој како денешниот слеп Едип незапирливо ја напаѓа општествената неправда и тврдоглаво истрајува во битките за правда, до работ на Бекетовите кловнови, отфрлен од сите и упорен во тоа“.

13.9.2023 г. АКТЕРОТ ЈОРДАН СИМОНОВ Е ЛАУРЕАТОТ НА 31. ФКТ „РИСТО ШИШКОВ“ Жири-комисијата на 31. Меѓународниот фестивал на камерен театар „Ристо Шишков“ во состав: Дарја Ризова, претседател, Мими Таневска и Иван Додовски, членови, едногласно ја доделија престижната награда за највисоко актерско остварување „Ристо Шишков“ на актерот Јордан Симонов за улогата на Павле во претставата „Лагата“ од Флоријан Зелер, во режија на Бесфорт Идризи, а во продукција на Македонскиот народен театар од Скопје.
Како што истакна жири-комисијата, Јордан Симонов, со внимателно избрани актерски средства, успева да оствари моќна и осмислена улога. Тој покажува особено чувство за партнерска игра и вешто го води ликот, кој во себе крие тајни, од привидна наивност до длабока перфидност. Со својата способност за трансформација, Јордан Симонов доминира на сцената, субверзивно поигрувајќи си со очекувањата на публиката, на работ меѓу комичното и неверојатното, меѓу лагата и вистината.
Уште еден во низата на актери од ансамблот на Македонскиот народен театар ја пишува историјата на овој престижен фестивал.
15.10.2023 г. Награда за најдобар актер во улогата на д-р Стокман во претставата „Народен непријател“ во режија на Нина Николиќ на 7. Интернационален фестивал „ОТЕЛО“ во Гостивар, 2023 г.;

12. Дали МНТ има сопствена библиотека и кој се има пристап до истата како и со штро с'е располага архивата на институцијата (копија од поставени текстови, фото, видео и аудио записи од продукциите итн)?

НУ РСМ МНТ и нејзината подружница Театарски музеј на МНТ поседуваат своја библиотека (не многу обемна) на литература од областа на театарот. Истата е достапна за сите заинтересирани истражувачи (со претходна најава). Архивата е обемна и располага со голем број на експонати (кои во моментов се обработуваат: архивираат, дигитализираат и евидентираат). Збирката се состои од драмски текстови, фотографии, костимографски и сценографски скици, плакати, програмски книшки, реквизити, видео материјали и други вид театролошки материјал. Истите се во оригинал.

13. Кој е начинот на кој се врши изборот на управниот/надзорниот и уметничкиот одбор и колку трае нивниот мандат?

Орган на управување на РСМ НУ МНТ е Управниот одбор. Управниот одбор на РСМ НУ МНТ го сочинуваат 5 преставници кои ги именува и разрешува министерот за култура, од кои

двајца се преставници од редот на истакнати поединци од областа на културата, еден е од локалната самоуправа и двајца преставници од вработените на РСМ НУ МНТ. Претседателот и членовите на Управниот одбор се именуваат за време од 4 години и може повторно да бидат именувани.

За разгледување на определени прашања од стручен карактер, директорот на РСМ НУ МНТ може со решение да формира уметнички совет. Со решението се определува составот и делокругот на работа на уметничкиот сове истиот број 5 членови.

14. Препис копија на годишните планови за работа од изминатите 5 години?

Македонскиот народен театар работи според Годишната програма на Министерството за култура и истата е објавена на веб страната на МНТ и Министерството за култура.

РСМ НУ МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР
Директор
Симона Угриновска